# РЕЗИМЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

## Цели на ревизијата

**Имавме две конкретни цели:**

## Цел 1: Дали Проектот Фаре/Брај ги постигна своите цели?

### Заклучоци за цел 1:

Предвидените активности во Спогодбата и Договорот се во најголем дел исполнети, односно ревизорите го потврдија постоењето на:

- компјутерска единица за печатење текстови со Брајова азбука;
- студио за продукција на звучни книги и
- филијала за продукција на радио емисија,

ССЛ користејќи ја помошта на ФСФ во најголем дел ги постигна трите основни цели поставени во Спогодбата и Договорот со ФСФ. Како и да е, некои од целите не се целосно реализирани со што се намалува вкупниот придонес на овој проект. На пример, осигурувањето на опремата е извршено на дел од добиената опрема и набавена е некоја опрема која не е вклучена со проектната задача, печатењето на насловите е извршено во помал број отколку што е предвидено со проектната задача, поради кое овие активности не придонесуваат кон исполнување на вкупните цели на проектот.

Нашиот заклучок се темели врз следните наоди:

**Наод бр. 1:** Осигурувањето е извршено на дел од добиената опрема од Проектот Фаре/Брај;
**Наод бр. 2:** Набавена е опрема надвор од планираната со проектот (клима уред и 2 Брајови реда) за која ССЛ не располага со писмена согласност од КЕЗ и ФСФ;
**Наод бр. 3:** Испечатени се помал број на наслови на Брајова азбука отколку што е одредено со Спогодбата;

## Цел 2: Дали раководството на ССЛ воспоставило соодветни интерни контроли како што се бара согласно Спогодбата и Договорот и македонската регулатива?

### Заклучоци за цел 2:

Раководството на ССЛ не воспоставило соодветни интерни контроли како што се бара согласно Спогодбата и Договорот со ФСФ како ниту според македонската законска регулатива. Имено, поради невоспоставени интерни контроли од страна на раководството на ССЛ, на пример ССЛ не внимавал книговодствената книга и документите кои се однесуваат на Проектот да се чуваат во посебно воспоставена архива и временски рок како што е одредено во Договорот, информирањето на ФСФ за напредувањето на Проектот по завршување на Проектот од страна на ССЛ не е вршено преку фотографии согласно Договорот, не е издвоена архивата на Проектот од архивата за редовно работење на ССЛ, не е извршено разграничување на должностите благајник и архивар, не постои воспоставен систем на евидентирање на примена и испратена документација кај ССЛ кое резултираше со физичко постоење на само еден извештај за известување за текот и успешноста на извршувањето на проектните задачи, сметководството е водено од лице кое со документ не е назначено за оваа активност, воопшто не се изготвени финансиски извештаи согласно македонската

регулатива, нема пишана документација дека потписникот на сметката од проектот редовно го известувал раководството на ССЛ за активностите и напредувањето на проектот, кои активности во голема мера упатуваат на заклучокот дека раководството нема воспоставено систем на интерни контроли ниту пак презело активности за воспоставување на ваков ситем во текот на реализација на проектот.

Нашиот заклучок се темели врз следните наоди:

**Наод бр. 4**: ССЛ не го известувал ФСФ за напредувањето на реализацијата на Проектот согласно барањата во Договорот;
**Наод бр. 5:** Вршени се плаќања од средства од проектот без истите претходно да бидат уплатени на сметката отворена за таа намена кај деловната банка, вршени се исплати од девизната сметка за патувања во странство без да се приложени патни сметки и друга документација како и исплаќање на дневници за учество на семинари со готовина која не потекнува од сметката на проектот кај деловната банка;
**Наод бр. 6**: Средствата од проектот се трошени и по завршувањето на проектот на ден 28.02.2002 година;
**Наод бр. 7**: Партнерот на проектот Фаре Брај, ССЛ, не ја чува документацијата од проектот согласно договорот и македонската законска регулатива, односно недостасуваат договори, извештаи и друга правна и финансиска документација;
**Наод бр. 8**: ССЛ нема изготвено финансиски извештаи за реализацијата на проектот согласно македонската регулатива;
**Наод бр. 9:** Партнерот на проектот Фаре/Брај - ССЛ, не назначил одговорни лица кои ќе ја водат сметководствената и другата документација согласно познатите и прифатени сметководствени принципи и архивско работење;
**Наод бр. 10:** За време на реализација на проектот не е извршено раздвојување на архивата на проектот Фаре/Брај од архивата за редовно работење на ССЛ;
**Наод бр. 11:** Констатирано е физичко постоење на 68 наслови кој не го задоволува критериумот за определениот број и квалитет даден во Спогодбата и Договорот;